*Синиша ДАСКАЛОВСКИ* **УДК: 355.121**

# ВОЈНИКОТ НОСИТЕЛ НА МИРОТ

***Кратка содржина***

*Градењето на мирот и стабилноста во кризните региони најавија нов развој на релациите меѓу мирот и војникот. Сè почесто се случува носител на мирот да биде војникот. Овој труд ги истражува новите предизвици со кои се соочува војникот во кризните региони во периодот од завршувањето на Студената војна и прави обид да дојде до одговор кој веројатно ќе го обликува новото место и улога на војникот во современиот конфликт.*

***Клучни зборови:*** *МИР, СТАБИЛНОСТ, ВОЈНА ОРГАНИЗАЦИЈА, ВОЈНИК, КОНФЛИКТ, КРИЗНИ РЕГИОНИ, ГРАДЕЊЕ*

## *Традиционалните релации меѓу воената организација, војникот и мирот*

Воената организација во основа ја има организацијата со целите, специјалноста и рационалноста како основни карактеристики и контролата, координацијата и комуникацијата како процеси и дејствија на поврзување. Со тоа воената организацијата се изедначува со сите други организации. Разликите се конкретизираат во додавките. Во суштина станува збор за комплексен феномен кој е во средиштето на вниманието на повеќе теории како класичната на Макс Вебер, структуралистичката на Сошар, и други. Теоријата за меѓучовечки односи на Емитал го фаворизира местото и улогата на човекот во организацијата, всушност, според неа човечкиот фактор има најголемо влијание врз успешноста на организацијата[1]. Кога се работи за воена организација, станува збор за човек-војник. Се разбира дека има и други приоди, теории и аспекти кои поинаку гледаат на овој феномен, но тоа не ја исклучува значајноста на човечкиот фактор во организацијата. Што се однесува до додавката воена, со неа поблиску се определуваат специфичностите со кои воената организација се разликува од другите организации. Тоа, пред сè, се однесува на централизираното раководење,

---

[1] Etzioni A, Modern Organization, Prentice Hall, inc New Jersy, 1964, p.32-40.

специфичниот начин на пополнување, единствениот принцип на едукација и утврдениот систем на старешинство. Станува збор за голема организација, вооружена и тренирана за водење војна[2], со што е направена јасна дистинкција со другите организации. Доколку се повикаме на теоријата за меѓучовечки односи на Емитал и ја ставиме во функција на воената организација, тогаш слободно можеме да ја издвоиме значајноста на војникот за организацијата. Посредно тоа се однесува и за значењето на војникот за војната. Всушност, човекот е еден од факторите, покрај просторот, времето и техничко-технолошкиот фактор кои определувачки влијат врз ефектуирањето на војната и вооружената борба како нејзина диференција специфика. Од некои искуства, вклучувајќи го и на југословенската заедница за време на војната, како и по нејзиното завршување, а согласно нејзината концепција и воена доктрина човекот со неговите квантитативни и квалитативни карактеристики е издвојуван како најзначаен фактор. Со тоа не се намалувало местото и улогата на другите значајни фактори но тие заземале пониски места во хиерархијата на влијанија. Се покажа дека недоволното почитување на влијанието на овие фактори може битно да влијае на вооружената борба, па и на војната во целост.

Од друга страна, техничко-технолошкиот развој и, пред сè, развојот на индустријата определувачки ќе влијае врз некои земји да го усвојат индустрискиот пристап на апликација на сила. Според овој пристап војната е примарно техничко-технолошки проблем. Другите фактори на војната, вклучувајќи го и човечкиот, имаат секундарно или пак терцијално значење. Во таа смисла во периодот на Студената војна ќе биде наметната трка во вооружување која крајно ќе продуцира повеќекратно зголемување на ефективите на борбените средства и борбените системи. Ќе се зголеми и арсеналот на средствата за масовно уништување како и бројот на земји кои ќе произведат нуклеарно и термонуклеарно оружје. Воено-политичките блокови предводени од супер силите ќе се подготвуваат за голема војна. Војната ќе биде перципирана како регуларна закана, а силите (вооружените сили) кои ќе ја водат, како регуларни сили. Воена цел ќе им бидат или противничките војници, што подразбира, човечки фокусиран пристап или заземање територија, што подразбира, територијално фокусиран пристап. И во едниот и во другиот случај максимално е фаворизиран техничко-технолошкиот фактор кој треба да овозможи ефектуирање на замислата за остварување на крајната цел. Се покажа дека фаворизирањето на овој фактор дава почетни резултати и отвора можности за долгогодишно присуство на територијата, но не и добивање на војната. Еклатантни примери за тоа се војните меѓу Алжир и Франција, СССР и Авганистан, Виетнам-

---

[2] Британика Енциклопедиски Речник (Книга 2), Топер- МПМ, 2005, стр. 123.

ската војна и др. Евидентно е дека техничко-технолошкиот фактор е значаен фактор за војната, и актерите во конфликтот без исклучок прават напори да го испочитуваат неговото влијание. Но во услови кога има недостаток, се прават напори да се надмине со другите фактори како просторот, времето и човечкиот фактор. Тоа во суштина ќе ги натера сите страни во конфликтот да размислуваат како да ги искористат своите можности и предности. Ова само уште еднаш ќе ја потврди констатацијата и сознанието дека војната е комплексна појава и дека глорификацијата или пак минимизирањето на влијанието на било кој од основните фактори може да има мошне неповолни конотации за крајниот исход на војната. Со техничкиот фактор се отвора можност за нанесување поголеми загуби кај противникот, што и се случувало, но не е доволно за крајниот исход на војната. Инаку и послабата страна настојува да дојде до современо оружје, оружје со поголема ефикасност. Во недостаток на вакво оружје се прават напори да се стават во функција другите фактори кои можат да се исползат за значајно влијание на војната. Очигледно дека и тие даваат добри резултати за крајниот исход на војната, во која сепак жртвите и материјалните загуби се скоро непроценливи и, пред сè, долго траат. Крајниот епилог е враќање на мирот како состојба во која ќе отсуствува колективното организирано насилство, отсуство на војната, а тоа значи враќање на состојбите какви што беа пред да започне конфликтот. И како значајно се издвојува сознанието дека станува збор за надворешни конфликти, конфликти меѓу регуларни сили и регуларни закани. Конфликти во кои е јасно обликувана конфликтната средина во која фокусот на вниманието е противникот и неговите вооружени сили, а остатокот на конфликтната средина е оставен на страна. Во такви услови војската се перципира како симбол на агресија и окупација, а војникот како носител на агресијата - агресор или како носител на окупацијата - окупатор. Ова, пред сè, се однесува на земјите кои интервенираа со своите вооружени сили надвор од границите на своите држави. Што се однесува пак до земјите кои беа предмет на воени интервенции или пак предмет на употреба на сила од други држави, правеа напори недостатокот од техника и примена на воени технологии во рамките на вооружените сили, да го надоместат со засиленото користење на другите фактори значајни за успехот во војната. Со тоа ќе направат обид да го намалат дизбалансот кој го предизвикува техничко-технолошкиот фактор, свесни дека и во тој правец треба да направат продор бидејќи борбените операции се фокусирани против вооружените сили на противникот, а противникот се перципира како агресор или окупатор.

### *Влијанието на новата безбедносна средина врз променатата на улогата на војникот*

Со завршувањето на Студената војна се чини дека веројатноста од избивање на една голема војна стана многу мала. И не само тоа туку и другите типови војни кои се водеа во периодот на Студената војна не ги решија проблемите за кои започнаа. Тоа во голема мера ќе влијае врз намалувањето на можноста и конвенционалните војни да се соочат со сличната судбина како и големата војна која без исклучок претпоставува употреба на нуклеарните потенцијали. Во услови на воспоставување на нуклеарен паритет, посебно меѓу супер силите, се дојде до сознанието дека употребата на нуклеарното оружје не само што нема да му донесе предност и победа на тој кој прв ќе го употреби, туку со неговата употреба ќе нема победник, туку само губитници, без исклучок. Така нуклеарното оружје како главна и најсериозна закана за глобалната безбедност ќе се експонира како детернет во односите меѓу големите сили. Ова заедно со неможноста да се решат проблемите меѓу државите со примена на класична сила за безбедносната ситуација во глобални рамки ќе претставува релаксирачки момент кој отвора прозорец за промоција на нов мировен процес. Од друга страна, како последица на економската, политичката и социјалната криза која ќе доведе до општата криза на реал-социјалистичкиот систем на земјите разместени на европскиот континент, ќе настанат промени кои ќе почнат да ја обликуваат новата безбедносна средина. Промените со кои ќе се соочат комунистичките земји во Европа, за некои од нив ќе траат кратко и со користење на мирни средства и методи, а за други ќе траат повеќе години и со користење на сила и насилство. Така интернационалните вооружени конфликти, пред сè, големата војна како примарен безбедносен императив во Студената војна, ќе го препушти местото на интерните вооружени конфликти кои ќе го преземат приматот. Југословенската заедница е еклатантен пример за еден таков вооружен конфликт. Всушност, тоа е почетокот на обликување на една нова конфликтна околина во која примарно место и улога ќе заземат интерните или внатрешните вооружени конфликти[3]. Според угледниот Стокхолмски институт за истражување на мирот (SIPRI), во периодот од 1990 до 2005 година од вкупно 57 активни, големи вооружени конфликти во светот, само 4 (четири) отпаѓаат на конфликти меѓу држави, а останатите 53 (педесет и три)

---

[3] „Внатрешните вооружени конфлити се случуваат меѓу владините сили и организирани групи кои контролираат доволно територија за да ги поддржат заеднички планираните воени операции". The 2002 Chart of Armed Conflict, The Military Balance 2002-2003, London, 2002: The IISS

припаѓаат на внатрешните вооружени конфликти.[4] Иако се работи за помали по обем операции, за разлика од операциите во големата војна, внатрешните вооружени конфликти имаат многу богата содржина исполнета со нецивилизациско однесување како индивидуално насилство, како и колективно и организирано насилство на ирегуларни и регуларни сили кое тешко може да се контролира. Потврда за тоа се и напорите на меѓународната заедница во врска со прекинување на конфлитот во Босна, кои не вродија со плод. Се покажа дека меѓународната безбедносна архитектура не е подготвена да се справи со ваков вид конфликти и е побарана помош од Северноатланската алијанса. Како воено политичка организација НАТО предводена од САД имаа капацитет и политички и, пред сѐ, воен да се справат со ваков, па и поголеми по обем вооружени конфликти. Во Стратегијата за национална безбедност на ангажирање и проширување од 1994 година се изразува способноста на САД, во содејство со регионалните сојузници, да победат во два скоро симултани големи регионални конфликти.[5] Со тоа е јасно дадено до знаење дека со крајот на Студената војна, дојден е и крајот на големата војна, „но не и на самата војна“.[6] Во случајот се работи за перципирање на војни со помал обем и содржина отколку што е тоа случајот со големите војни. Но, во суштина се работи за конвенционални војни кои подразбираат вооружен конфликт меѓу регуларни сили и војната како регуларна закана. Во таа смисла, со поддршка на техничко-технолошката и економска супремација САД ќе постигнат огромна доминација на конвенционалните сили. Таа доминација секако дека ќе ја стават во функција во услови кога за тоа ќе се создаде потреба. Првата заливска војна е еклатантен пример за тоа. На сличен начин САД како предводник на НАТО ќе се обиде да го прекине конфликтот и во Босна и Херцеговина. Тоа ќе се случи откако меѓународната заедница не ќе може да одговори на безбедносниот предизвик и ќе побара помош од Северноатланската алијанса. Оптималниот одговор на предизвикот е најден во воздушната кампања. Имено, после триипол години крвави борби во кој меѓународната зедница ќе вложи огромен напор да го прекине, а тоа нема да и успее со користење на силите и средствата кои и стоеле на располагање, НАТО ќе го преземе водството и ќе спроведе двонеделна воздушна кампања против босанските Срби. Всушност, станува збор за поголем во-

---

[4] Harbom L, and Wallensteen P, Patterns of major armed conflicts, 1990-2005, SIPRI Yearbook 2006, p.108

[5] A National Security Strategy of Engagement and Enlargement, Washington: The White House July 1994., p. 5.

[6] Ibidem, p. 21.

оружен конфликт[7] во кој ќе учествуваат три етнички заедници. Најголемата е Муслиманската која зафаќа 39,5% од популацијата, ќе прави напор да ја задржи целовитоста на територијата на поранешната федерална единица на југословенската заедница. Таа воедно, е најслабо вооружена и опремена и се чини главна жртва во конфликтот. Втората група, Српската етничка заедница, е втора по големина група која зафаќа 32% од популацијата, со помош на Југословенската армија ќе успее во почетниот период на конфликтот да заземе дури 70% од територијата на Босна и Херцеговина. За Србите во Босна не било прифатливо да живеат во држава со исламска доминација. И третата од примарните етнички заедници во Босна и Херцеговина, Хрватската етничка група, е најмала во однос на претходните две групи, зафаќа 18,4% од популацијата на Босна и Херцеговина во почетокот на деведесеттите години од 20-от век. Тесно е врзана со Хрватската држава и се гледа како нејзин составен дел. Во текот на конфликтот ќе ги менува страните, најнапред ќе се соединат со Муслиманите, а против Србите, а покасно ќе остварат соработка со Србите, а против Муслиманите. Во 1994 година САД ќе направат обид повторно да ги соединат Хрватите со Муслиманите против Србите кои ќе бидат третирани како агресори. Отткако обидите на Обединетите нации, за прекинување на конфликтот, нема да вродат со плод ќе биде побарана помош од Северноатланската алијанса. НАТО ќе се ангажира за потребите на организацијата на Обединети нации. Во барањето на оптимален одговор се чини како најсодветен за прекинувањето на конфликтот ќе биде преземање воздушна кампања. Двонеделната воздушна кампања се чини ќе биде доволна да го прекине конфликтот и да го донесе Дејтонскиот мировен договор, во Босна и Херцеговина. Традиционалното поимање на оваа состојба, која на пример би се случила во периодот на Студената војна, би значела и враќање на состојбите какви што биле и пред да настане конфликтот, и со тоа истиот би бил разрешен. Меѓутоа, ова се однесува примарно на меѓународните, односно надворешните конфликти. За внатрешните, како во случајот со Босна и Херцеговина тоа е само една од фазите и тоа кога треба конфликтот да се прекине и да се потпише мировен договор. Потоа, следат мошне чуствителни фази за чувањето на мирот и градењето на стабилноста. Всушност, станува збор за реконструкциска работа по конфликтот. Така, НАТО ќе се соочи со нов предизвик, предизвикот да управува со

[7] UCDP како поголем вооружен конфликт дефинира судир на инкомпатитилност што се однесува на власт или територија за која употребата на вооружената сила меѓу две страни, од кои барем една е претставник на власта, резултира со најмалку 1.000 жртви на бојното поле во една календарска година. Пошироко види: SIPRI Yearbook 2006, p. 120-121.

политички и воени кризи. Тоа ќе подразбере преземање воена одговорност за мировен процес, за што ќе бидат ангажирани 60.000 војници-сили за имплементација (Stabilization Force) и тоа составени од земјите членки на НАТО, но и на некои други кои не се членки на Алијансата. И во едниот и другиот случај станува збор за ангажирање на значаен контингент на армиски трупи од европските земји. Всушност, иако станува збор за прашање кое се однесува на меѓународната безбедност, сепак кризата е лоцирана на европскиот континент. Тоа значи дека прелевањето најпрво ќе ги зафати европските земји. Оттука и одговорноста за нејзиното решавање би требало да биде поголема за европските земји. Тоа не ја исклучува можноста од вклучување на други земји во решавањето на кризата, напротив, тоа поволно влијае врз нејзината легитимност и прифаќање од страна на населенито во земјата каде се појавила кризата. Сепак, се чини главниот товар би требало да го понесат европските трупи, вклучувајќи ги и поради способностите, местото и улогата која ја имаат и трупите на САД. За европските трупи е карактеристично тоа што во 1995 година 27 европски земји ќе изразат волја за нивно ангажирање. Од тоа 85% беа ангажирани во мултинационални мисии за менаџирање со кризи на Балканот, кој као простор припаѓа на Европскиот континент. Ангажманот на европските трупи, најчесто е преку НАТО, но исто така и преку ООН, ЕУ и повремено преку поединечни држави.[8]

За Алијансата ангажирањето во Босна и Херцеговина ќе биде нов предизвик и нејзино прво ангажирање на копно „надвор од областа". Одново ќе биде ставена на проба нејзината способност и компетентност за остварување на функции кои не се чисто војнички, туку напротив повеќе гравитираат кон цивилни. Се разбира дека ова отвора можности за загриженост, но истовремено се јавува и потреба од продолжување на процесот, потреба од имплементација на мировниот договор. Се покажа дека не е доволно само воено да се победи и да се потпише мировен договор, туку како мошне значајна се издвои потребата од чувањето на мирот и градењето на стабилноста. Евидентно е дека во новата фаза е потребно ангажирање на војници и на цивилни стручњаци. За војникот како значајна се издвои потребата од зголемување на неговите способности за извршување на различни задачи[9] како производ на новиот предизвик. Така, војникот кој ќе го донесе мирот, за да го одржи ќе треба и да го чува и да учествува

---

[8] Види пошироко во: IISS strategic dossier, European Military Capabilities, London, 2008: The IISS, p. 13-20.

[9] „Тоа се хуманитарни и спасувачки задачи, миротворни задачи, задачи на борбените сили во време на менаџирањето со кризи и воспоставувањето на мирот". Ibidem, p.20.

во градењето на стабилноста на државата која се реконструира. Научената лекција во Босна и Херцеговина, најверојатно ќе влијае врз Северноатланската алијанса многу побргу да интервенира во Косово 1999 година. Имено, после една година етничко чистење, ќе ја донесе се чини најконтраверзната одлука во својата историја да интервенира без посредување на Организацијата на обединетите нации. Конфликтот ќе биде прекинат на идентичен начин како и во Босна и Херцеговина. Разликата е во тоа што воздушната кампања во Косово ќе трае 78 дена или пет недели повеќе отколку што беше случајот во Босна и Херцеговина. Потоа ќе следи разместување на силите за Косово (KFOR), идентично на IFOR во Босна и Херцеговина, овојпат со побогато искуство кое ќе продуцира многу пофлексибилна релација во односите со Привремената административна мисија на ОН на Косово (UNMIK). Тоа ќе овозможи да прогресира фазата на носењето на мирот во фаза на чувањето на мирот и градењето на стабилноста. Воената победа ќе го прекине конфликтот, но со тоа само ќе бидат ставени темелите за изградба на едно ново општество кое требе да се реконструира. Се покажа дека е потребна долгогодишна ангажираност и посветеност на силите за ефектуирање на мировните операции. Во случајот со Косово ќе се потврди суштинското значење на воените сили како за прекинувањето на конфликтот, така и за ефектуирањето на мировните операции. Тоа нема да ја намали улогата и значењето на цивилните структури и цивилните стручњаци, напротив, повеќе ќе ја истакне потребата од ангажирање на комбинирани тимови за управување со кризи. Нема да помине долго време, а на барање на официјалната власт на Република Македонија, НАТО во 2001 година ќе ангажира тим за справување со кризи, кој ќе работи заедно со преставници од ЕУ и ОБСЕ. Се покажа дека тоа ќе биде доволно за да го прекине внатрешниот вооружен конфликт кој се закануваше да прерасне во граѓанска војна. Потоа следеше Охридскиот мировен договор и операцијата „Неопходна жетва“ во која НАТО ќе ангажира 4.000 припадници на армиските трупи за надгледување на разоружувањето на т.н. ОНА (Ослободителна национална армија). Со предавањето на околу 4.000 парчина на оружје се чини формално дека операцијата ќе заврши, но фактички вооружената група од етнички албанци, т.н ОНА ќе престане да постои. Евидентно е дека НАТО трупите покрај тоа што ќе ја спроведат операцијата „Неопходна жетва“, посредно ќе влијаат и врз чувањето на мирот. И не само тоа, туку официјалните власти во Македонија ќе побараат и по завршувањето на операцијата дел од воените трупи на НАТО да останат во земјата. Сето ова го зајакнува процесот на обликување на новата улога на војникот како носител на мирот. За Северноатланската алијанса ова е трета по ред миротворна мисија и тоа на просторот на Балканот, поконкретно во рамките на поранешната Југословенска заедница која не

беше членка на НАТО. Во сите три случаи станува збор за внатрешни вооружени конфликти. Всушност, тие се дел од корпусот на конфликти со кој ќе започне обликувањето на новата конфликтна средина непосредно по завршувањето на Студената војна, а со тенденција на ширење во наредните 15 (петнаесет) години.[10] Со тоа дефинитивно внатрешните вооружени конфликти ќе го преземат приматот од надворешните или конфликтите меѓу државите. Во најголем број случаи станува збор за конфликти во кој е загрозен идентитетот на некоја етничка заедница. Најчесто, ескалира до прераснување во војна за кои Мишел Рокар ќе каже дека се војни на идентитетот.[11] Во таа категорија спаѓаат и конфликтот во Босна и Херцеговина и конфликтот во Косово. За среќа НАТО во соработка со другите меѓународни одбранбено-безбедносни структури го спречи внатрешниот вооружен конфликт во Република Македонија да прерасне во војна.

Во услови на глобализација на современиот свет, проблемите стануваат глобални, што подразбира и глобализиран пристап во нивното решавање, без оглед на тоа дали се јавуваат меѓу државите или во рамките на самите држави. Проценките дека можат да ескалираат и да ги загрозат интересите и безбедноста на другите држави, значајно влијае врз определбата голем број на земји да бидат заинтересирани и со ангажирање на своите вооружени сили да придонесат за решавањето на политичките и воените кризи. Според IISS strategic dossier, бројот на ангажирани трупи во мултинационалните операции и тоа од Балканската криза постојано е во пораст. Ова особено е видливо кај европските вооружени сили, кои во периодот од 1995 до 2007 година, ќе ангажираат од околу 39.000 на нешто повеќе од 71.000 војници.[12] Тие заедно со сите други од кои најголем дел имаат вооружените сили на САД го оформуваат нивниот мултинационален карактер. Се покажа дека е потребна брза реакција со сили кои ќе имаат способности да се справат со широк спектар на задачи од најразличен вид. Притоа воената победа е само еден но се чини мошне значаен дел во операцијата која ќе продолжи со извршување на задачи кои се во функција на чувањето на мирот и градењето на стабилноста. Внатрешните конфликти особено поголемите се потврдија како комплексни конфликти за чие решавање е потребна долгогодишна посветеност и ангажман, на војникот чија улога и симбол на агресор и окупатор ја трансформира во улога и симбол на носител на мирот.

---

[10] SIPRI yearbook, 2006, p. 108-119.

[11] Текстот е преземен од Paris Match, пошироко види: Мишел Рокар, Дваесеттиот век ги држи рекордите на ужасот, Нова Македонија, 22-23.05.1999 г.

[12] The IISS strategic dossier, European Military Capabilities, London, 2008, p.13.

Со почетокот на 21 век започнува нова ера во војувањето во која сè повеќе ќе се нагласува потребата од поголеми способности на војникот и улога со која ќе се продлабочува неговата мисија на градител на мирот и стабилноста.

## *Заклучни согледувања*

Врз база на анализа на истражуваниот материјал се оформи сознанието за релациите меѓу воената организација, војникот, војната и мирот во периодот на Студената војна дека станува збор за традиционален или класичен однос во кој е јасно определена конфликтната средина и со примарна закана се диференцира колективното организирано насилство-војната, а војникот и воената организација како регуларна сила. Остатокот на конфликтната средина е оставен на страна. Користењето на сила како антипод на мирот, а во функција на експанзионистичките интереси нема да ги даде очекуваните резултати. Ова само уште повеќе ќе ги закопа надежите за користењето на класичната војна. Со тоа ќе се создадат услови за промена, на улогата на војникот и воената организација како симбол на окупацијата и агресијата, а ќе се отвори еден нов мировен процес.

Од крајот на Студената војна почна да се обликува нова конфликтна средина во која, се уштѐ, беа присутни рецидивите од Студената војна, но, се појавија и нови форми на конфликти различни од претходните. Како примарен безбедносен императив се диференцираа внатрешните вооружени конфликти кои најчесто прераснуваа во војна. Во суштина станува збор за внатрешни војни кои имаат потенцијал за експанзија и неповолно влијание врз безбедноста во регионот, па и пошироко. Тоа ќе ја наметне потребата на меѓународната безбедносна архитектура и посебно НАТО да се фокусира на феноменот на управување со политички и воени кризи. Така, симболот на агресијата и окупација ќе се трансформира во носител на мирот и градител на стабилноста.

Во овој труд е направен обид да се даде придонес кон расветлувањето на трансформацијата на улогата на војникот која започна во периодот по завршувањето на Студената војна и која сè уште трае. Се разбира, овој комплекс на прашања со ова е само отворен и бара преземање на натамошни истражувачки зафати.

### *Литература*

Etzioni A, Modern Organization, Prentice Hall, inc New Jersy, 1964.

Британика Енциклопедиски речник (Книга 2), Топер-МПМ, 2005.

The 2002 Chart of Armed Conflict, The Military Balance 2002-2003, London, 2002 : The IISS.

SIPRI Yearbook 2006 : Patterns of major armed conflicts, 1990-2005, Oxford University Press : Oxford, 2005.

A National Security Strategy of Engagement and Enlargement, Washington : The White House July 1994.

European Military Capabilities, London, 2008, The IISS strategic dossier.

Рокар М, Дваесеттиот век ги држи рекордите на ужасот, „Нова Македонија", 22-23.05.1999. Текстот е преземен од Paris Match.

*Sinisha DASKALOVSKI*

# THE SOLDIER - PEACE BEARER

***Abstract***

*Peace building and stability in the crisis regions announced new development of the relations between the peace and the soldier. The soldier being a peace bearer is more frequently happening. This paper researches new challenges that the soldier faces in the crisis regions in the period after the end of the Cold War, and makes an attempt do find an answer which most probably will form the new place and role of the soldier in the cintemporary conflict.*

***Key words**: PEACE, STABILITY, MILITARY ORGANIZATION, SOLDIER CONFLICT, CRISIS REGIONS, BUILDING*